МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА,
РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Арх. Број: 04 - 7388/5
Датум: 06-07-2026 2026 година

Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини врз основа на член 4 од Законот за практикантство („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 98/19, 103/21 и 86/25), објавува

## ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ 1/2026 ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА ПРАКТИКАНТИ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини објавува јавен оглас за ангажирање на 4 (четири) практиканти, дипломирани или на завршна година на студии од областа на инженерство и технологија, кои ќе обавуваат практикантска работа, со цел стекнување на практични знаења и вештини од областа/надлежноста на следните организациони единици:

Сектор за енергетска ефикасност и климатски промени;
Сектор за електроенергетика;
Сектор за обновливи извори на енергија;
Сектор за нормативно-правни и организациски работи

Практикантската работа ќе се реализира во просториите на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

Услови за пријавување

Согласно со одредбите од Законот за практикантство, практикантот треба да ги исполнува следните услови:
- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- да не е во работен однос,
- да не е постар од 34 години,
- да има дипломирано или да е студент на завршна година од факултети од областа на инженерство и техногија,
- да поседуваат самоиницијативност, одлучност, желба за учење и развој, комуникациски вештини, работење со други-тимска работа и активно учество во процесот на практикантската работа.

Времетраење на практинатската работа, работно време и надоместок

Периодот на траење на практикантската работа ќе биде 5 (пет) месеци, со полно работно време. Работното време на практикантите е 40 (четириесет) часа неделно, од понеделник до петок, со почеток од 07:30-08:30 и завршеток до 15:30-16:30 часот.
За практикантската работа ќе се исплаќа месечен надоместок во нето износ во висина од 74% од минималната нето плата, утврдена согласно со закон.


Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
Ул. „Македонија“ бр. 27, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3131062
+389 2 3150033
www.energy.gov.mk

Потребна документација за аплицирање

Кандидатите треба да достават:
- Кратка биографија (CV) со задолжително наведен контакт телефон и адреса,
- Државјанство,
- Диплома/уверение за завршено образование (за дипломирани лица), односно потврда од матичниот факултет дека кандидатот е запишан на завршна година на студии,
- Потврда од Агенција за вработување дека лицето е невработено.

Начин и рок за пријавување

Заинтересираните кандидати, потребната документација во скенирана форма да ја достават електронски на следната е-пошта: hrmerms@energy.gov.mk

Рокот за пријавување е 5 (пет) дена сметајќи го и денот на објавување на огласот.

Ненавремената, нецелосната и некомплетната пријава и документација нема да биде разгледана. По истекот на рокот за аплицирање кандидатите ќе бидат известени за натамошниот тек на постапката. Со избраните кандидати ќе се склучи договор за практикантска работа, согласно член 12 и 13 од Законот за практикантство.

Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини ги поттикнува сите млади невработени лица кои ги исполнуваат условите да аплицираат на објавениот оглас и да ги искористат можностите на практикантство, кое подразбира работа преку учење и стекнување на практични вештини, со цел стекнување на професионално искуство, за да се подобри вработливоста и да се помогне преминот кон редовно вработување.

Министер за енергетика,
рударство и минерални суровини
Сања Божиновска

Изработил: Емилија Тодороска
Контролирал: Јован Несторовски
Согласен:
Наташа Радуловска
Петар Богучевски
Проверил номотехнички:
Елена Неткова Ивковска
Маја Тофиловска Ивановска
Одобрил: Горан Јовановски



Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
Ул. „Македонија“ бр. 27, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3131062
+389 2 3150033
www.energy.gov.mk